Општинско основно училиште

## *“Наум Охридски”- Булачани, Скопје*

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНСКО ОСНОВНО УЧИЛИШТЕ
НАУМ ОХРИДСКИ
Бр. 01-191/1
23.06. 2026 год.
с.Булачани,Скопје

# *ИЗВЕШТАЈ ОД САМОЕВАЛУАЦИЈА*

## *на воспитно - образовната работа на училиштето во периодот јуни, 2024 - јуни, 2026 година*

**Скопје**

**јуни, 2026**

**ИЗВЕШТАЈ**

од самоевалуација на ООУ „Наум Охридски“ период 2024-2026 година

Врз основа на Законот за основното образование („Службен весник на РСМ“ бр. 161/19, 229/20, 3/25, 74/25, 250/25 и 111/26), Општинското основно училиште ,,Наум Охридски,, с. Булачни-Скопје изврши самоевалуација на работата на училиштето за период од 2024-2026 година.
За таа цел, на предлог на директорот на училиштето, Училишниот одбор на својата седница одржана на 21.10.2025 година формираше комисија за спроведување на самоевалуацијата во следниот состав:

1. Елена Максимовска-одделенски наставник-ментор
2. Марина Миткова – педагог
3. Јована Димовска– наставник по географија
4. Маја Крстеска – наставник по математика и физика
5. Сања Петрушевска-преставник од Совет на родители

Самоевалуацијата беше спроведена во периодот од 2024 до 2026 година. За нејзино успешно спроведување, Комисијата обезбеди активно учество на целиот воспитно-образовен кадар во процесот, со тоа што беа формирани 4 тима за 4 клучни подрачја во чии рамки се вршеше самоевалуацијата, односно:

| Подрачје | Членови на тимот |
|---|---|
| 1. Планирање, настава и учење | 1. Билјана Антанасова– одговорна на тимот<br>2. Сунчица Стојковска – член<br>3. Мирјана Ивановска-член<br>4. Катерина Трифуновска Лозановски-член<br>5. Дејан Туповски -член<br>6. Тања Зафировска - член<br>7. Иван Димитровски - член<br>8. Роберт Ангеловски - член |
| 2. Постигања на учениците | 1.Соња Апостоловска Трајковска– одговорна на тимот<br>2. Весна Јованова – член<br>3. Биљана Белогаска – член<br>4. Александра Мирчевска-член<br>5. Христина Вукосављевиќ –член<br>6. Марија Димитровска - член<br>7.Оливера Јосифовска – член<br>8.Радица Петковска – член |
| 3. Училишна клима и односи во училиштето | 1. Теодора Димовска – одговорна на тимот<br>2. Сања Николовска Костович - член<br>3. Билјана Оливеровска – член<br>4. Љупка Богдановска – член |

| | |
|---|---|
| | 5. Марија Стоилковска-член<br>6. Ненад Рајковчевски – член<br>7.Снежа Ангеловска – член<br>8. Виолета Божиновска – член |
| 4. Управување и раководење | 1. Марија Сотировска - одговорен на тимот<br>2. Ивана Блажевска - член<br>3. Златка Панчева – член<br>4. Александра Величковска – член<br>5. Кристијан Ѓошевски– член<br>6. Марина Станишковска Спасевска-член<br>7. Ивона Величковска – член<br>8. Фросина Јанакиевска - член |

Тимовите спроведоа анкети, интервјуа, извршија увид во потребната документација и изворите, врз основа на што ги обезбедија сите потребни податоци и материјали, според кои дадоа описи на постигнатоста на индикаторите во рамките на своето подрачје. Секој тим за своето подрачје направи опис/резиме на подрачјето, ги издвои силните и слабите страни и предложи приоритети, врз основа на кои понатаму ќе се темели изготвувањето/реализацијата на Развојната програма на училиштето.

По завршената работа, секој тим ја достави целосната документација од самоевалуацијата до Комисијата, која повторно ги разгледа сите документи и ги оформи во една целина.

Со цел да се обезбеди транспарентност на процесот, на седницата на Наставничкиот совет одржан на 23.06.2026 година секој тим ги образложи резултатите од својата работа, силните и слабите страни, како и предложените приоритети. Наставничкиот совет воедно дискутираше и се договараше во однос на тоа кои приоритети треба да бидат клучни за изготвување/реализација на стратешките и развојните цели во Развојната програма на училиштето.

Во овој извештај ќе го презентираме описот/ резимето, силните страни, слабите страни и приоритетите во однос на секое подрачје.

| **Подрачје 1: Планирање, настава и учење** |
| --- |
| **Опис/резиме на подрачјето**<br>Наставниците и стручните соработници од училиштето добиваат навремени обуки за примена на современи методи и техники за планирање на наставата. Обучениот кадар редовно врши дисеминација на останатите наставници и стручни соработници. Наставниците најмалку два пати во полугодието разменуваат искуства за планирањата во рамките на стручните активи, користат стручни искуства од различни медиуми и од регионална соработка со други училишта и со тоа ги подобруваат своите планирања. Наставата во одделенска настава и по сите наставни предмети се реализира редовно и во пропишаниот обем. Сите наставници, задачите и активностите ги приспособуваат на индивидуалните образовни потреби на учениците. Притоа, наставниците користат различни приоди и ресурси за учење и настава, неограничувајќи се исклучиво на учебници и дополнителна прирачна литература, обезбедувајќи целосна интеракција со учениците.За учениците со ПОП се користат методи и техники според нивните потреби. Со учениците со посебни образовни потреби се реализира настава/воннаставни активности според ИОП и/или модифицирана програма според препораките од МКФ. Учениците со попреченост кои имаат потреба од лична и/или образовна асистенција се идентификуваат навремено и се доставува барање за соодветна поддршка. Наставниот кадар успешно соработува со образовните асистенти во интерес на ученикот.<br>Акцискиот план за следење на реализацијата на МИО активностите планирани во ГПРУ,редовно се спроведува од страна на ТУИ(тимот за училишна интеграција).Исто така ТУИ редовно ги спроведува и проектните активности добиени преку грантови од МОН и други партнерски организации и за тоа подготвува квартални, полугодишни и годишни извештаи. Најголем број наставници, во соработка со стручните соработници, во процесот на поучување користат различни интерактивни техники, со што им даваат можност на учениците со различни образовни потреби да ги постигнат планираните цели. Училиштето применува однапред дефинирана политика за оценување, вклучувајќи и кодекс за оценување, чија основна цел е да го поддржи учењето на секој ученик.Со критериумите на оценување се запознаени и учениците и родителите. Сите наставници редовно им даваат повратни информации на учениците за нивната работа, дискутираат со учениците за нивниот напредок и постигањата и по потреба ги вклучуваат во додатна или дополнителна настава. Училиштето планира и реализира разновидни воннаставни активности што ги одразуваат потребите и интересите на учениците.Воннаставните активности се исклучително позитивни во креирањето на ученикот и нивното самоискажување.Во воннаставните активности се вклучени учениците по сопствен избор. Нашите ученици редовно земаат учество на Општински, Регионални и Државни натпревари. |
| **Силни страни**<br>- Училиштето им обезбедува навремена обука на наставниците и стручните соработници за примена на современи методи и техники за планирање на наставата. По спроведените обуки, обучениот кадар редовно врши дисеминација на останатите наставници и стручни соработници.<br>- Наставниците најмалку два пати во полугодието разменуваат искуства за планирањата во рамките на стручните активи, користат стручни искуства од |

различни медиуми и од регионална соработка со други училишта и со тоа ги подобруваат своите планирања.

- Наставата во одделенска настава и по сите наставни предмети се реализира редовно и во пропишаниот обем.
- Сите наставници, задачите и активностите ги приспособуваат на индивидуалните образовни потреби на учениците. Притоа, наставниците користат различни приоди и ресурси за учење и настава, не ограничувајќи се исклучиво на учебници и дополнителна прирачна литература,обезбеувајќи целосна инеракција со учениците..За учениците со ПОП се користат методи и техники според нивните потреби
- Со учениците со посебни образовни потреби се реализира настава/воннаставни активности според ИОП и/или модифицирана програма според препораките од МКФ. Учениците со попреченост кои имаат потреба од лична и/или образовна асистенција се идентификуваат навремено и се доставува барање за соодветна поддршка. Наставниот кадар успешно соработува со образовните асистенти со цел за најдобар интерес на ученикот.
- ТУИ (тимот за училишна интеграција) го спроведува акцискиот план за следење на реализацијата на активностите за МИО планирни во ГПРУ, проектните активности добиени преку грантови од МОН и други партнерски организации и за тоа подготвува квартални, полугодишни и годишни извештаи.
- Најголем број наставници, во соработка со стручните соработници, во процесот на поучување користат различни интерактивни техники, со што им даваат можност на учениците со различни образовни потреби да ги постигнат планираните цели.
- Училиштето применува однапред дефинирана политика за оценување, вклучувајќи и кодекс за оценување, чија основна цел е да го поддржи учењето на секој ученик.Со критериумите на оценување се запознаени и учениците и родителите.
- Сите наставници редовно им даваат повратни информации на учениците за нивната работа, дискутираат со учениците за нивниот напредок и постигањата и по потреба ги вклучуваат во додатна или дополнителна настава.
- Училиштето планира и реализира разновидни вонанаставни активности што ги одразуваат потребите и интересите на учениците.
- Учество на нашите ученици на Регионални и Државни натпревари
- Соработка со родителите при одржување различни манифестации
- Медиумско афирмирање на училиштето со истакнување на придобивките од вонанаставните активности
-

**Слаби страни**

- Учениците немаат доволно можности да влијаат врз изготвувањето на програмите за вонанаставни активности.

**Приоритети**

- Да се зголеми учеството на учениците во планирањето, предлагањето и изборот на вонанаставни активности.
- Да се воспостават механизми за редовно прибирање на мислењата и интересите на учениците (анкети, разговори, ученички форуми, кутии за предлози).

| Подрачје 2: Постигања на учениците |
|---|
| **Опис/резиме на подрачјето:**<br>Училиштето посветува особено внимание на обезбедување услови за напредок и успех на секој ученик. Наставниот кадар создава позитивна и поттикнувачка средина за учење, поставувајќи јасни очекувања во однос на знаењата, работните навики, редовноста и одговорното однесување на учениците. Во училиштето се негуваат вредности кои придонесуваат за развој на личноста, а постигнувањата и успесите на учениците се промовираат и афирмираат во училиштето и во локалната заедница.На учениците им се овозможува, согласно нивните интереси, способности и потенцијали, активно да учествуваат во наставните и вонннаставните активности, при што се поттикнува нивната креативност, самостојност и иницијативност. Училиштето континуирано ги поддржува учениците и наставниците за учество на различни натпревари, конкурси, смотри и манифестации на локално, регионално и национално ниво, при што се бележат значајни успеси.Во училиштето се почитува принципот на еднаквост и инклузивност, при што подеднакво внимание се посветува на успехот и развојот на сите ученици, без разлика на полот, етничката припадност или индивидуалните особености. Следењето на постигањата се реализира преку анализа на полугодишните и годишните извештаи, како и преку споредбени анализи со резултатите од претходните учебни години.<br>Училиштето навремено ги препознава учениците со изразени способности, како и учениците кои имаат потреба од дополнителна образовна поддршка и континуирано го следи нивниот развој. За учениците со потешкотии се изготвуваат индивидуализирани програми и се обезбедуваат соодветни форми на поддршка, додека за учениците со посебни интереси и таленти се организира дополнителна настава и разновидни активности за нивно понатамошно напредување.Наставниот кадар постојано работи на своето професионално усовршување, активно се вклучува во проекти и применува современи пристапи во наставата со цел подобрување на квалитетот на воспитно-образовниот процес. Вреднувањето на постигањата се спроведува објективно, транспарентно и согласно утврдените стандарди за оценување. Добрата соработка помеѓу учениците и наставниците, заемната поддршка и заедничкото планирање придонесуваат за поквалитетно учење и подобри резултати.Како значаен поттик за напредување се користат различни форми на пофалби, признанија и награди. Согласно утврдените критериуми и процедури, секоја учебна година се избира првенец на генерацијата, со што дополнително се мотивираат учениците да вложуваат труд и да постигнуваат што подобри резултати. |
| **Силни страни:**<br>- Во текот на целата учебна година нашите ученици со помош на наставниците се вклучени во заеднички проекти, наставни и воннаставни активности (културни и спортски), како индивидуално, така и со соработка со локалната заедница. Преку тие соработки се промовираат и вреднуваат постигањата на учениците.<br>- Со учество на наставниците во различни обуки кои ја опфаќаат областа на настава со деца со попреченост и посебно надарени, нашите наставници имаат сензибилност при детектирање на ваквите ученици .<br>- Наставниците успешно ги идентификуваат учениците со тешкотии во учењето и навремено обезбедуваат соодветна поддршка преку диференциран пристап, |

индивидуализирани активности и соработка со стручната служба, родителите и образовните асистенти.

- Наставниците успешно ги препознаваат надарените и талентирани ученици и ги поттикнуваат нивните потенцијали преку збогатени наставни содржини, истражувачки активности, проекти, натпревари и креативни задачи.
- Наставниците континуирано се професионално усовршуваат преку учество на обуки, проекти и дисеминациски активности, а стекнатите знаења и искуства ги применуваат и споделуваат во воспитно-образовниот процес.
- Училиштето има воспоставена добра соработка со родителите преку организирани трибини, предавања, работилници, посети во работни организации во кои тие се вработени. Систематски се следи, споредува и анализира состојбата со успехот и постигањата на учениците .
- Секое тримесечие се прави анализа на успехот и поведението на учениците и се врши споредба со претходното тримесечие или со претходната учебна година.
- Учениците имаат можност да членуваат во бројни слободни активности.
- Родителите навреме преку автоматски електронски пораки се известуваат за редовноста и постигањата на учениците
- Училиштето има свои критериуми за оценување на учениците и ги почитува стандардите, пропишани од БРО.
- Подобрување на постигањата на учениците преку примена на современи форми и методи во наставата (ИКТ, проекти, презентации, истражувања и сл.).
- Средбите со родителите добро се организирани, а за постигањата на учениците родителите добиваат евидентни листови, свидетелства, дипломи.
- Постои ефективна соработка меѓу раководниот кадар, стручната служба, одделенските и предметните наставници и родителите за постигањата на учениците ( на родителски/индивидуални средби и индивидуални средби по барање на родителите).
- Учениците кои постигнуваат успех на натпревари се наградуваат со дипломи и пофалници.
- Посетата на дополнителната настава влијае за подобрување и продлабочување на знаењата на учениците.
- Од спроведените анкети може да се заклучи дека наставниците, родителите и учениците остваруваат одлична комуникација и соработка во реализирање на наставата.

**Слаби страни:**

- Не сите родители во доволна мера ја користат можноста за редовна комуникација со наставниците во однос на постигањата и потребите на своите деца.

**Приоритети:**

- Потребно е да се изнајдат дополнителни начини и форми за вклучување на родителите кои поретко учествуваат во воспитно-образовниот процес.

| Подрачје 3: Училишна клима и односи во училиштето |
| --- |
| **Опис/резиме на подрачјето**<br>Од анализата на ова подрачје произлегува дека училиштето работи согласно важечката законска регулатива и целосно ги почитува одредбите од Законот за основно образование. Сите акти што произлегуваат од законот, како Статутот, правилниците, кодексите и другите педагошки документи, се донесени и усвоени од Училишниот одбор и доследно се применуваат во практиката. Редовно се следат законските измени и се имплементираат во училишната документација.<br>Учениците активно се вклучени во наставните и воннаставните активности согласно своите способности и интереси. Континуирано се одржува ефективна комуникација со одделенските раководители, психологот, дефектологот и наставниците. Нивните мислења, предлози и ставови се почитуваат, особено преку училишната заедница.<br>За учениците кои не ги почитуваат правилата на однесување се изрекуваат педагошки мерки согласно правилникот. Применетите мерки ги постигнуваат своите воспитно-образовни цели. |
| **Силни страни:**<br>- Училиштето е инклузивно, безбедно и се грижи за здравјето на сите ученици, ја негува родовата еднаквост, мултикултурализмот, меѓуетничка интеграција, младинскиот активизам и го поттикнува учеството на учениците, родителите и заедницата во училишниот живот.<br>- Во училиштето владеат позитивни меѓучовечки односи со професионална соработка меѓу вработените.<br>- Почитување на личноста, работата и споделување на знаења со помладите наставници.<br>- Наставниците не прават разлика помеѓу учениците со различни способности, различна етничка припадност и во однос на полот<br>- Училиштето има Кодекс на однесување, во кој се поставени принципите и правилата на однесување во училиштето изработен со учество на претставници на сите засегнати страни и е усвоен низ транспарентна процедура со почитување на размислувањата на родителите и учениците со Статут и Правилници кои се изготвени согласно Законите.<br>- Учениците се чувствуваат безбедни и прифатени од возрасните и од другите ученици во училиштето.<br>- Училиштето го применува принципот на демократско учество на учениците и има формирана ученичка заедница на сите нивоа.<br>- Родителите имаат можност редовно да се информираат и да го следат напредокот и редовноста на учениците со добро организирани родителски средби кои резултираат со навремена информираност и добра соработка.<br>- Постои добра соработка со Советот на родители на училиштето, локалната средина, други училишта со кои се остварува промовирање на училиштето во локалната средина и пошироко преку заеднички активности.<br>- Училиштето обезбедува можност родителите да се вклучат во животот на училиштето преку најразновидни форми и активности.<br>- Анимирање на учениците за активности во и надвор од училиштето преку натпревари културни и спортски настани. |

| |
|---|
| - Вклученост на ученичката заедница на ниво на училиште во одредени сегменти и аспекти од животот и работата на училиштето<br>- Учениците ги знаат, практикуваат и заштитуваат сопствените права и ги почитуваат правата на другите<br>- Наставниците активно работат на проекти и се мотивирани од постигањата на учениците со вклученост на учениците во ЕКО, МИО, НЕНАСИЛСТВО проекти во училиштето и пошироко.<br>- Училиштето постигнува значајни резултати на општинско,регионално и државно ниво, вонннаставни активности и активности од секаков профил поврзани со знаењата и вештините на учениците<br>- Училиштето тековно следи промени во образованието, соработува со сите владини и невладини организации во кои активно се вклучени учениците според своите можности, потреби и интереси.<br>- Училиштето има соработка со други училишта надвор од државата за реализација на интернационални проекти и за поголема афирмација на училиштето. |
| **Слаби страни** |
| - Недоволна информираност кај учениците за работата и активностите на Ученичкиот парламент и Ученичкиот правобранител.Недостасуваат превентивни едукативни активности за правата на учениците и информативни средби на кој Ученичкиот правобранител ќе им објасни на кој начин учениците можат да побараат заштита , гарантирајќи им анонимност и безбедност. |
| **Приоритети** |
| - Промовирање и зајакнување на улогата на Ученичкиот параламент и Ученичкиот правобранител. Поголема пристапност за учениците кои се срамат или плашат да зборуваат отворено до Ученичкиот правобранител. |

| Подрачје 4: Управување и раководење |
| --- |
| **Опис/резиме на подрачјето** |
| Тимот настојуваше објективно, критички и аргументирано да ги анализира и синтетизира податоците за да одговори на прашањата кои се однесуваат на организацијата, делегирањето на одговорностите и комуникацијата при донесувањето одлуки и нивно пренесување. Во подготовката на извештајот податоците ги црпевме од законските акти, постоечката документација во училиштето .Органот на управување (Училишниот одбор) е конституиран во согласност со законската регулатива и Статутот на училиштето. Работата на Училишниот одбор (во понатамошниот текст УО) е јасно дефинирана со Деловникот за работа на УО. Состаноците се одржуваат и реализират во согласност со деловникот за работа на УО. УО им обезбедува редовни, детални и сеопфатни информации за својата работа на другите субјекти вклучени во воспитно-образовниот процес. УО има воспоставено партнерски однос со Раководниот орган на училиштето, кој присуствува на сите седници на УО и со другите образовни структури. Членовите на Училишниот одбор имаат јасна претстава за добрите и слабите страни на училиштето и даваат целосна поддршка на раководниот орган. Училиштето обезбеди обука за членовите на УО заради успешно извршување на улогата на управување. Раководниот орган има стратешка определба заснована врз јасна визија што ги содржи гледиштата и потребите на сите вклучени страни во животот на училиштето. Раководниот орган своето работење во најголем дел го заснова на тимска работа, меѓусебна почит и соработка .Донесува одговорни одлуки. Има изградено личен кредибилитет и професионален однос кон работата што се заснова врз најнови знаења и вештини, вклучувајќи и способност ефективно да делегира, комуницира и раководи со вработените и нивниот развој. Иницира и успешно раководи со промените во образовниот систем. Идентификува и се фокусира на јасни приоритети идентификувани во развојниот план преку ефективна самоевалуација, а во центарот на своето работење ги става постигањата на учениците и подобрувањето на училиштето како и тимската работа. Воспоставува продуктивни партнерства во непосредната и во пошироката заедница. Раководниот орган редовно ги прати промените во воспитно-образовниот систем и истите според можностите ги применува. Целите на училиштето се во согласност со целите на државната и локалната образовна политика. Целите се прецизни и јасни и се фокусирани на подобрување на квалитетот на наставата и максимизирање на постигањата на сите ученици. Вработените, родителите и учениците активно учествуваат во креирањето на целите, начелата и вредностите на училиштето и се запознаени со начинот на нивното остварување и подобрување. Училиштето ги мобилизира сите релевантни субјекти да работат на остварените цели. Целите се прецизни, јасни и ги отсликуваат мисијата, визијата и вредностите на училиштето и при нивното поставување се вклучени наставниците, родителите, учениците и претставниците од локалната заедница. Училиштето има акциски планови за поставените цели, доследно ги спроведува и има план за следење и евалуација на реализацијата на активностите и постигање на поставените индикатори за успешност.Училиштето континуирано ги идентификува потребите за стручно усовршување на кадарот. Има подготвено програма и обезбедено финансиски |

средства во согласност со потребите за стручно усовршување на сите вработени и унапредување на воспитно-образовниот процес, вклучувајќи обуки за работа со ученици со посебни образовни потреби. Училиштето има воспоставено систем за дисеминација на стекнатото знаење и континуирано ја следи примената на стекнатото знаење од усовршувањето. Училиштето навремено ги идентификува потребите од материјално-технички средства и континуирано ги планира и ги обезбедува. Постојните нагледни средства и опрема се во функција и оптимално се користат. Училиштето планира и обезбедува средства за нивно континуирано одржување. Училиштето континуирано интервенира и обезбедува средства за подобрување на инфраструктурата на училиштето. Училиштето има воспоставено соработка со локалната самоуправа и заедницата во однос на подобрувањето на инфраструктурата.Од извршената анализа на работењето на училиштето во изминатите две учебни години, може да се заклучи дека раководството се движи во вистинска насока при креирањето на училишната политика. Училиштето вложува максимум во подобрување на условите за работа,обезбедувајќи средства според потребите, превзема активности за одржување и подобрување и осовременување на инфраструктурата на училиштето. Простории во голема мерка го задоволуваат критериумот за соодветност со намената. Најголем проблем на подрачното училиште претставува недостатокот на фискултурна сала или соодветна просторија каде што би можела да се изведува наставата по физичко и здравствено образование, кога временските услови или целите на часот се несоодветни за спроведување настава на отворено. Библиотеката заедно со медијатеката има одлични услови за престој и користење од страна на учениците или наставниците, бидејќи нејзините просторни капацитети во потполност го овозможуваат тоа. Извршено е реновирање на просториите, опремување со значителен број енциклопедиски изданија, лектири и мал број примероци стручна литература. Потребен е само да профункционира истражувачкиот центар за учениците, кој би работел во склоп на библиотеката - медијатека и електронската библиотека. За таа цел потребно е да се обезбеди интернет конекција, кабелска телевизија и некои од десктоп - компјутерите со кои располага училиштето да се префрлат во медијатеката. Стручна служба во училиштето им помага на наставниците во организација на наставата, во следење на напредокот на учениците, во справување со проблемите и во давање советодавна помош на учениците. Стручната служба е активно вклучена во следење на наставниот процес, следејќи посебни ученици кои имаат проблеми со развојот и напредувањето, превзема одредени активности во договор со наставниците, прави споредбени анализи и дава сугестии на наставниците заради подобрување на наставата и успехот. Потребите за професионален развој на наставниот кадар се евидентни, а тоа го диктира и природата на професијата. Наставниците можат да го планираат и реализираат својот професионален развој во и надвор од училиштето. Во рамки на училиштето тоа се прави на отворените часови кои се организираат, на работилници и дисеминации кои ги реализираат колеги кои се стекнале со такви квалификации. Надвор од училиштето, наставниците имаат поддршка за посета на сите бесплатните семинари кои се организираат од страна на МОН и БРО или други институции во соработка со МОН и

| |
|---|
| БРО ( Проект МИО, Проект за модернизација на образованието, еколошки проекти и сл.), но и на семинари кои се со самофинансирање или финансирање од страна на училиштето. Сите наставници редовно ги следат промените во образовниот процес и активно работат на своето професионално усовршување. Целиот наставен кадар се стекна со сертификати согласно критериумите за спроведени активности во рамки на Проектот за меѓуетничка интеграција во образованието. Со финансиското работење на училиштето, односно училишниот буџет и трошоците, се запознаени сите вработени, родители, локалната самоуправа, МОН и тоа преку полугодишен и годишен извештај за финансиското работење на училиштето. Завршните сметки се доставуваат до сите органи на управување и раководење со училиштето.Финансовиот план на училиштето го донесува Училишниот одбор, по предлог на директорот, а го одобрува Општината.Користењето на материјално-финансиските средства е транспарентно и законски поддржано, по потреби утврдени и подржани од страна на сите субјекти во училиштето и со задолжително информирање на Училишниот одбор и советот на родители. |
| **Силни страни**<br>-Просторните услови на училишните згради целосно и добро се искористени;<br>-Училиштето е опремено со потребен мебел кој добро се одржува;<br>-Училиштето има добра раководна структура која може соодветно да одговори на обврските и предизвиците;<br>-Тимската работа е на високо ниво;<br>-Има транспарентност во работата;<br>-Раководниот тим има јасна визија за управување со конструктивност, правичност при донесувањето одлуки;<br>-Постои добра опременост со нагледни средства;<br>-Изграден училишен имиџ;<br>-Библиотеката-медијатеката е сместена во многу добра просторија опремена со лектирни изданија каде уредно се води пишана и електронска евиденција;<br>-Училиштето организира интерни семинари и натпревари на ниво на училиште ;<br>-Голем број нагледни средства по сите предмети;<br>-Обезбедување на доволно потрошен материјал за наставниците и целиот персонал;<br>-Посветување на посебно внимание и поддршка за стручно усовршување на наставниот кадар (преку семинари и обуки);<br>-Наставен кадар по сите предмети, соодветно стручен и способен за работа; |

| |
|---|
| -Учество на наставниот кадар во сите проекти подржани од страна на МОН и БРО;<br>-Почитување на законската регулатива при финансиското работење на училиштето;<br>-Транспарентност во голема мера во планирањето и трошењето на училишниот буџет;<br>-Обезбеден лектирен фонд за сите ученици;<br>-Соодветно опремена библиотека (во однос на книжен фонд, просторно и технички);<br>-Училиштето е отворено за посета од страна на родителите и тие можат да имаат пристап до сите простории и информации, на нивно барање;<br>-Во училиштата во с.Булачани и Црешево има парно греење;<br>-Опременост со стручна литература и енциклопедиски изданија;<br>-Медијатеката има капацитет да се унапреди во погодно место за учење и истражување, во рамките на училиштето;<br>-Учениците имаат пристап до компјутер и интернет; |
| **Слаби страни**<br>- Изградба на топол премин од училиштето до фискултурна сала во ООУ„Наум Охридски"с.Булачани;<br>- Оспособување и опремување на сензорна соба во ПОУ„Наум Охридски"с.Црешево; |
| **Приоритети**<br>- Редовно одржување и подобрување на инфраструктурата на училиштето; |

**Предлог-мерки за подобрување на квалитетот на работата на училиштето**

Според спроведената самоевалуација на нашето училиште произлегоа следниве предлог мерки за подобрување на квалитетот на работата на училиштето:

1. Спроведување редовни анкети и ученички форуми за утврдување на интересите на учениците и нивно активно вклучување во планирањето на воннаставните активности.

2. Организирање информативни и едукативни работилници за промоција на работата на Ученичкиот парламент и Ученичкиот правобранител, со посебен акцент на ученичките права и начини за анонимно пријавување проблеми.

3. Воведување разновидни канали за комуникација со родителите (онлајн средби, електронски прашалници, информативни билтени и родителски форуми) со цел поголемо вклучување на родителите во воспитно-образовниот процес.

4. Подобрување на условите за работа и учење преку инвестирање во училишната инфраструктура, вклучувајќи изградба на топол премин до фискултурната сала и опремување на сензорна соба за учениците со потреба од дополнителна поддршка.

5. Изработка и реализација на годишен план за одржување и унапредување на училишните ресурси, со редовно следење на потребите на училиштето и обезбедување безбедна, функционална и поттикнувачка средина за учење.

6. Изготвување стратегија за финансиска поддршка на обуките, идентификување на потребите на наставниците и обезбедување континуирано стручно усовршување согласно современите образовни практики.

Комисија за спроведување на СЕУ:

1. Елена Максимовска-одделенски наставник-ментор
2. Марина Миткова – педагог
3. Јована Димовска – наставник по географија
4. Маја Крстеска – наставник по математика и физика
5. Сања Петрушевска - преставник од Совет на родители